# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ НА НАСТАВНИЦИТЕ ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ ЗА УЧЕБНАТА 2021/22 ГОДИНА

Во учебната 2021/22 година активот планира да одржи 9 состаноци за да се реализираат задачите и активностите предвидени по месеци на следниот начин:

1. Утврдување на работните активности на активот на наставниците по странските јазици.
2. Разгледување на снабденоста со учебници по странските јазици, консултации за нивна дистрибуција меѓу учениците и договор за користење на стручна литература по предметите: Англиски, Француски и Латински јазик.
3. Припреми за прослава на патрониот празник на училиштето.

Рок: Септември

1. Договор за формите и методите за следење и вреднување на знаењето на учениците.
2. Определување на критериуми за вредување на индивидуалните писмени работи и завршниот испит.
3. Разгледување и користење на нагледни средства, организирање на консултации и дополнителна настава.
4. Утврдување на број на ученици кои ќе полагаат проектна задача по странски јазик за државна и училишна матура на крајот на IV година.

Рок: Октомври

1. Утврдување на критериуми за оценување на учениците.
2. Одредување содржини за вонnаставни активности и календар за нивна реализација.
3. Разгледување на успехот на учениците од првото тромесечие во учебната година.

Рок: Ноември

1. Утврдување на теми за полагање на проектна задача за државна матура и изработка на прашања за полагање на интерен испит.
2. Разгледување на подготвеноста на учениците од соодветните странски јазици и одредување ученици за учество на натпревари.
3. Одржување на училишен натпревар по странски јазици.

Рок: Декември

1. Анализа на текот на наставата и постигнатиот успех на учениците и наставниците во првото полугодие.

Рок: Јануари

1. Мотивирање на учениците за постигнување на подобри резултати во второто полугодие.
2. Разгледување на недостатоци и слабости во реализација на програмата.
3. Одржување на општински натпревар по странски јазици и Spelling Bee.

Рок: Февруари

1. Организирање на подготвителна настава за учениците кои ќе полагаат државна и училишна матура по предметите: Англиски, Француски и Латински јазик.
2. Одржување на општински натпревар по англиски јазик и регионален натпревар по Spelling Bee.
3. Учество на државен натпревар со есеј на француски јазик.
4. Регионален натпревар по „Петанко“.

Рок: Март

1. Одредување термини за консултации и подготвителна настава за учениците кои ќе полагаат матура по странските јазици.
2. Учество на регионален натпревар по странски јазици и државен натпревар по Spelling Bee.

Рок: Април

1. Учество на државен натпревар по странските јазици-англиски јазик-ЕЛТАМ и Латински јазик.
2. Разгледување на текот на наставата во третото тромесечие.
3. Определување на критериуми за полагање поправни испити на учениците со негативни оценки.
4. Разгледување на работата на активот во текот на учебната година и постигнатиот успех на учениците по странските јазици.

Рок: Мај/Јуни

**Напомена:** Оваа програма за работа на нашиот актив може да претрпи измени, односно некои активности можат да се додадат или изостават, се разбира, доколу директорот, активот или колективот донесат такво решение и има реална потреба и од оправдани причини за кои навреме ќе биде најавено и сугерирано од страна на директорот на гимназијата, предметните професори и колективот.

**Членови на активот:**

1. Жанета Стрезоска
2. Славица Стојановска
3. Даниела Поповска
4. Васе Кочовска
5. Исмета Арифовска
6. Валентина Ѓорѓиевска Павлеска

**Претседател на активот:**
Жанета Стрезоска